# ОБУКА ОД ОБЛАСТА НА РАДИОЛОГИЈАТА

Назив на ЈЗУ
Сплошна болница – Ново Место, Словенија
Февруари/Март 2015 година
Поповски Дарко
Датум на презентација: 25.10.2015

За време на обуката која се одвиваше во болницата во Ново Место во период од 20.02.2015 до 20.03.2015 година, имав можност да се запознаам со работата на рентген кабинетот.

Општата болница во Ново Место има околу 300 вработени и опфаќа население од околу 250.000 жители. Се работат сите специјалности, освен онкологија и радиотерапија.

Првите 3 дена имавме предавања од областа на Заштита при работа, нега на болни, дезинфекција и стерилизација.

На одделот при РТГ кабинетот функционира ЕХО томографија, КТМ, МРИ, класична РТГ дијагностика и Луминус апарат. Во договор со началникот на РТГ кабинетот, обуката се состоеше од посета на сите дијагностики со ротација на неколку дена. На КТМ и МРИ се работат класични процедури и процедури со контраст. На класичната РТГ дијагностика се работи со дигитални апарати и се изведуваат сите класични снимања на скелет и плуќа. Се запознав и со процесот на обработка на филмовите. Исто така, бев на обука и во Здравствениот дом Ново Место, при што се запознав со условите и начинот на работа. Се работат мамографски прегледи, РТГ на пулмо и РТГ на заби.

Повеќе внимание посветив на мамографските прегледи, бидејќи во нашата здравствена установа (Поликлиника Ѓорче Петров) започнаа со работа мамографски прегледи.

Му благодарам на Министерството за здравство што ми овозможи да го надоградам моето знаење од областа на РТГ дијагностиката.